# Приоритетни центри за примарна здравствена нега

**СЛУЖБЕНО**

- Дали треба итно да видите доктор?
- Приоритетните центри за примарна здравствена нега (Priority Primary Care Centres - PPCC) обезбедуваат итен бесплатен третман за секој со повреда или болест.
- Докторите од PPCC центрите ќе ви помогнат побрзо да го добиете потребниот третман отколку во болничкиот оддел за итни случаи.
- Тие можат да третираат состојби како што се благи инфекции, мали изгореници, шинувања или сомневања за скршеници.
- Ако имате сериозна повреда или болест, јавете се на Три Нули (000).
- Ако не ви треба итна нега, закажете преглед со вашиот редовен доктор.
- Услугите на PPCC центрите вклучуваат лабораторија за патологија, рендгенска дијагностика и аптека.
- Услугите во PPCC центрите се бесплатни за секој, со или без Medicare картичка.
- PPCC центрите работат со продолжено работно време, седум дена во неделата.
- Не е потребно да закажете термин.
- Сега се отвараат PPCC центри низ цела Викторија.
- За локации и повеќе информации, посетете ја веб-страницата на Better Health Channel: www.betterhealth.vic.gov.au/health/servicesandsupport/priority-primary-care-centres
- Во PPCC центрите може да се користат преведувачи. Јавете се на Службата за писмено и усно преведување, TIS National, на 131 450.